РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Соопштение за јавност

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги (РКЕ) донесе одлука со која врши **зголемување** на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за **3,41 %** во однос на Одлуката од 4.10.2021 година.

**Во изминатиот седумдневен период сите референтни цени на светските берзи во просек бележат зголемување: кај бензинот за 4,632%, кај дизелот за 5,931%, кај екстра лесното масло за 6,115 % и кај мазутот за 4,333%.**

Во истиот период **курсот на денарот во однос на доларот е повисок за 0,650 % .**

Малопродажните цени на бензините **ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98 се зголемуваат за 2,00 ден/литар,** додека малопродажните цени на **ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) и на Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) се зголемуваат за 2,50 ден/литар** во однос на малопродажните цени утврдени со одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од 04.10.2021 година.

Малопродажната цена на **Мазутот М-1 НС се зголемува за 1,630 денар/килограм и со тоа малопродажната цена на Мазутот М-1 НС изнесува 42,761 ден/кг.**

Од 13.10.2021 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 95** | **75,50** | **(денари/литар)** |
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС -98** | **77,50** | **(денари/литар)** |
| **Дизел гориво** | **ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)** | **67,50** | **(денари/литар)** |
| **Масло за горење** | **Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)** | **67,00** | **(денари/литар)** |
| **Мазут М-1 НС** | | **42,761** | **(денари/килограм)** |

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 13.10.2021 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

Малопродажните цени на ЕУРОДИЗЕЛ и ЕУРОСУПЕР БС – 95 во Северна Македонија и неколку земји од ЕУ (https://ec.europa.eu/energy/data-analysis/weekly-oil-bulletin_en од 4.10.2021) се дадени во табела на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ www.erc.org.mk.

12.10.2021


ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk